Комунално јавно претпријатие
„НИСКОГРАДБА“
БР. 01-10857/1
17.10. 2024 ГОД.
БИТОЛА

До
Совет на Општина Битола
Градоначалник Д-р Тони Коњановски

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА КЈП "НИСКОГРАДБА "-БИТОЛА ЗА ПЕРИОД ОД

01-01-2024 ДО 30-09-2024 г.

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПРИХОДИ

Конто (1)	ПРИХОДИ (2)	Состојба по заклучен лист 30.09.2023 (3)	Остварена до 31.08.2024 и предвидена состојба до 30.09.2024 (4)	Индекс 4 : 3 (5)
7400	Приходи од услуги со општа даночна стапка	35,321,554.00	22,640,844.00	0.64
7401	Приходи од услуги со повластена даночна стапка	7,403,378.00	8,185,816.00	1.11
7402	Приходи од канализација	50,820,898.00	53,418,000.00	1.05
745	Приходи од употреба на сопствени производи	567,210.00	1,868,335.00	3.29
769	Останати приходи од работењето	712,843.00	140,354.00	0.20
7741	Приходи од камати	870,525.00	525,417.00	0.60
7799	Останати финансиски приходи	45,392.00	9,285.00	0.20
	Вкупно	**95,741,800.00**	**86,788,051.00**	0.91

Анализирајќи ја горе наведената табела на приходи за првите девет месеци од оваа година споредено со истиот период од 2023 година може да се забележи дека приходите се намалени за 9%.

Приходите од услуги и канализација (к-то 7400 , 7401 и 7402)	2023 година	2024 година
-Приходи од услуги (конто 7400 и 7401)	42.724.932,00	30.826.660,00
-Приходи од надоместок за канализација	50.820.898,00	53.418.000,00
Вкупно	**93.545.830,00**	**84.244.660,00**

Приходите од извршени услуги кон правни лица и граѓани се намалени за 26% во споредба со истите во 2023 година.

Приходите од надоместок за канализација се зголемени за 5 % споредено со истиот период минатата година заради зголемените тарифи во 2024 година.

Приходите од употреба на сопствени производи зголемени се за 1.301.125,00 ден. во споредба со истите во 2023 година.

Останатите приходи од работењето во најголем процент ги сочинуваат приходите од нотарски и судски такси кои пак се всушност поврат на однапред платените нотарски и судски трошоци при изготвувањето на тужби за граѓани и правни лица и истите се намалени за 80% во споредба со 2023 год.

Приходите од камати се намалени за 40% споредени со 2023 година или во вредност искажани намалени се за 345.108,00 илјади денари.

Останатите финансиски приходи намалени се 80 % или во вредност искажани намалени се за 36.107,00 илјади денари во споредба со 2023 година.

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА РАСХОДИ

Конто (1)	Вид на расход (2)	Состојба по заклучен лист 30.09.2023 (3)	Остварена до 31.08.2024 и предвидена состојба до 30.09.2024 (4)	Индекс 3 : 2 (5)
400/401	Потрошени суровини и материјали	12,179,856.00	9,110,455.00	0.75
402	Потрошена енергија	3,076,036.00	2,483,696.00	0.81
408	Отпис на ситен инвентар	383,637.00	407,846.00	1.06
410/411	Поштенски, телефонски ГПЈ и интернет услуги	573,074.00	667,788.00	1.17
4136	Услуги за одржување на опремата	1,486,108.00	1,767,230.00	1.19
41390	Услуги за обезбедување на имотот	539,452.00	647,056.00	1.20
414	Закупнина	133,913.00	90,000.00	0.67
415	Комунални услуги	148,953.00	124,902.00	0.84
4198	Производни услуги	4,653,169.00	2,897,884.00	0.62
41989	Услуги за читање на водомери	927,000.00	927,000.00	1.00
41991	Услуги од агенции за вработување	4,430,413.00	1,351,474.00	0.31
421	Бруто плати	51,504,419.00	61,927,246.00	1.20
430	Амортизација	8,250,000.00	8,250,000.00	1.00
422	Останати трошоци на вработените регрес, отпремнина и помошти	4,270,941.00	4,839,360.00	1.13

440	Дневници за службен пат	327,037.00	351,083.00	1.07
4419	Надомести на трошоци на вработените и подароци	143,357.00	993,072.00	6.93
442	Трошоци за Управен и Надзорен О.	716,714.00	642,819.00	0.90
443	Трошоци за донации и спонзорство	1,819,248.00	1,398,348.00	0.86
444	Трошоци за репрезентација	48,492.00	96,428.00	1.99
445	Премии за осигурување	1,068,712.00	1,938,891.00	1.81
446	Банкарски услуги и платен промет	513,925.00	565,095.00	1.10
447	Даноци кои не зависат од резултат админ., судски и др. Давачки	315,346.00	212,384.00	0.67
449	Останати трошоци од работењето	1,720,756.00	836,029.00	0.49
4660	Отпис на побарувања	114,994.00	246,075.00	2.14
468	Надомести на штети од дејноста	143,821.00	466,296.00	3.24
469	Останати расходи од работењето	780,104.00	326,946.00	0.42
474	Камати од рабоењето со неповрзани друштва	386,219.00	376,208.00	0.97
	ВКУПНО :	**100,655,696.00**	**103,941,611.00**	1.03

Вкупните трошоци реално остварени до 31.08 и предвидени до 30.09.2024 година споредени со реализираните трошоци до 30.09.2023 година покажуваат зголемување од 3 % односно зголемени се за 3.285.915,00 денари.

- потрошените суровини и материјали намалени се за 25% споредени со истите во 2023 година како резултат на намалениот обем на работа,
- потрошената енергија намалена е за 19% во споредба со истата 2023 година. Со најголем процент во овој трошок влегува потрошувачката на гориво и мазиво.
- отписот на ситен инвентар се врши согласно сметководствените политики, како трошок е зголемен за 6% во споредба со 2023 година,
- трошоците за поштенски, телефонски, интернет и GPS услуги зголемени се за 17% во споредба со истите во 2023 година,
- услугите за тековно одржување на опремата, зголемени се за 19% во споредба со претходната година,
- трошоците за обезбедување на имотот покажуваат зголемување за 20 %, истите не зависат од работењето на претпријатието, цената за услугата е добиена по пат на јавна набавка,
- трошоците за закупнина на деловен простор се намалени за 33%.
- комуналните услуги намалени се за 16% во споредба со минатата година,
- производните услуги во 2024 година намалени се за 38% споредено со минатата година, имено станува збор за користење на услуги од подизведувачи, со цел да се оствари планираната програма од Општина Битола по која работи јавното претпријатие,

намалувањето кај истите се јавува како резултат на намаленото ангажирање на подизведувачи во Зимската служба.

- трошоците за читање на водомерите од ЈП Водовод и ЈП Стрежево секоја година се исти (12 месеци по 103.000,00 денари),

- трошоците за услуги од агенции за вработување во 2024 година намалени се за 69% споредени со претходната година заради намалениот број на вработени преку агенција за вработување.

- трошоците за бруто плати во 2024 година се зголемени за 20% споредени со истите трошоци во 2023 година.

- за амортизацијата нема конечна пресметка и истата за девет месеци изнесува околу 8.250.000,00 денари,

- другите надоместоци на вработените (регрес за годишен одмор, отпремнина за пензија, јубилејни награди, помош на вработените и нивните семејства во случај на смрт и др.) се исплаќаат според Закон за работни односи и колективен договор,

- дневниците и надоместокот за службени патувања се зголемени за 24.046,00 илјади денари, односно за 7%,

- надомести на трошоци на вработените и подароци, кај овој трошок се јавува голема разлика споредено со минатата година, имено оваа година за разлика од минатата Новогодишниот надоместок се исплати во 01/2024,

- трошоците направени за исплата на членовите на Управен и Надзорен одбор се намалени 10%.

- трошоците за спонзорства и донации намалени се за 14% во споредба со 2023 година. Во овој трошок влегуваат и средства што им се префрлуваат на синдикатот за тековното работење,

- трошоците за репрезентација зголемени се за 47.936,00 илјади денари во споредба со 2023 година,

- премиите за осигурување споредено со 2023 година се зголемени за 81%. Во овој трошок вклучено е и колективното осигурување за разлика од 2023 година кога се исплаќаше од Синдикатот на КЈП Нискоградба Битола,

- банкарските услуги-провизии во 2024 година зголемени се за 10% во споредба со минатата година,

- даноци кои не зависат од резултатот, членарини и други давачки, најголемиот процент од овој трошок го сочинуваат нотарските трошоци, административните и судски такси и истите намалени се за 33% во споредба со 2023 година.

- останатите трошоци од работењето се намалени за 51% во споредба со 2023 година. Тука влегуваат адвокатски, нотарски, компјутерски и останати услуги. Нотарските услуги се прават при поднесувањето на тужбите за неплатени сметки на странките, но истите ги наплаќаме од странките со наплата на тужбите и се евидентирани како приходи од нотарски такси. Исто и судските трошоци се наплаќаат од тужените странки за оние тужби кои ќе бидат наплатени. Како составен дел на овие трошоци се и компјутерските услуги кои се направени за одржување на компјутерскиот систем во КЈП Нискоградба.

- вредносното усогласување на побарувањата значи извршени отписи на ненаплатливи побарувања по судски решенија и приговори. Овој износ се однесува на побарувања кои се отпишуваат во текот на работењето , до деветти месец оваа година отпишани се 246.075,00 илјади денари .

- надомести на штети од дејноста е трошок кој покажува зголемување 322.475,00 илјади денари во споредба со минатата година и истиот се јавува како регресно побарување од Осигурителната компанија.

- во останати расходи од работењето влегуваат дополнително утврдени трошоци од минати години каде се книжат сторнираните сметки и фактури од минати години кои ги добиваме по извештај од ЈП Водовод и не зависат од работењето на претпријатието.

- трошоците за камати за кредити намалени се за 3% споредени со истите од 2023 година. Овие трошоци се по основ на долгорочни обврски врз основа на лизинг.

Споредени остварените расходи и приходи покажуваат негативен финансиски резултат од **17.153.560,00** денари.

ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

Од 01.01.2023 до 30.09.2023 година		**Од 01.01.2024 до 30.09.2024 година**	
Вкупни приходи ----------	**95.741.800,00**	Вкупни приходи ---------	**86.788.051,00**
Вкупни расходи----------	**100.655.696,00**	Вкупни расходи ---------	**103.941.611,00**
Загуба -	**4.913.896,00**	**Загуба -**	**17.153.560,00**

Во првите девет месеци од 2024 година КЈП Нискоградба остварува загуба од **17.153.560,00 денари**.

Преглед на побарувања за 2024 година

Побарувања	***Почетно салдо***	***Фактурир - ано во 2024***	***Наплатено во 2024***	***Салдо на 30.09.2024***
Од услуги од правни и физички лица	36.106.196	35.826.185	53.862.440	18.069.941
Од надоместок за канализација од правни лица	18.231.606	17.010.579	14.895.508	20.346.677
Од надоместок за канализација од домаќинства	30.950.612	33.932.915	35.056.731	29.826.796
Вкупно:	**85.288.414**	**86.769.679**	**103.814.679**	**68.243.414**
Побарувања од дадени гаранции по тендери	4.104.374		2.000.000	2.104.374

За првите девет месеци од 2024 година КЈП Нискоградба Битола има фактурирано вкупно **86.769.679,00** милиони денари вредност со вклучен ДДВ, а наплатени се вкупно **103.814.679,00** милиони денари. Вкупниот износ на наплатени побарувања покрај наплатените побарувања од 2024 година, вклучува и дел наплатени побарувања од минати години.

Преглед на обврски за 2024 година

Обврски	*Почетно салдо*	*Применифактури во 2022*	*Исплатено во 2024*	*Салдо на 30.09.2024*
Краткорочни обврски кон добавувачи	7.561.196	26.344.930	31.125.247	2.780.879
Долгорочни обврски врз основа на лизинг	4.884.259		1.826.064	3.058.195

Краткорочните обврски кон добавувачите на КЈП Нискоградба на 30.09.2024 година изнесуваат 2.780.879,00 милиони денари. Долгорочните обврски врз основа на лизинг намалени се од 4.884.259 денари на 3.058.195 денари што значи дека за овие девет месеци од 2024 година исплатени се 1.826.064,00 милиони денари.

Заклучок

Во првите девет месеци од 2024 година КЈП Нискоградба Битола остварува **загуба од 17.153.560,00 денари.**

Изготвил:
Златанка Блажевска
Раководител на Сектор за финансисии, сметководство и комерција

Контролирал:
Наташа Стојановска
Помошник на директорот за финансиски и правни работи

Директор на КЈП Нискоградба Ѣ Битола
Зоран Талевски